20191712664

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

☐

☐Врз основа на член 9 став 1 под в) точка 1 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016,120/2016, 142/2016 и 171/2017), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 16 јули 2019 година, донесе

ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СПЕЦИЈАЛИЗИРАНА МЕДИЦИНСКА РЕХАБИЛИТАЦИЈА КАКО ПРОДОЛЖЕНО БОЛНИЧКО ЛЕКУВАЊЕ

Член 1

Во Правилникот за специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување („Службен весник на РМ“ бр. 141/2014 и 129/2018) , во членот 7 став 1 точка 3, точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: „како и при стекнат недостиг на екстремитет“.

Член 2

Во членот 8 став 4, по зборот „(хемофилија), се додаваат зборовите: „како и при стекнат недостиг на екстремитет“.

Член 3

Во Листата со индикации за остварување право на специјализирана медицинска рехабилитација, која е составен дел на овој Правилник, се прават следните измени:

Во делот на табелата „БОЛЕСТИ НА МУСКУЛОСКЕЛЕТНИОТ СИСТЕМ И СВРЗНОТО ТКИВО“, кај дијагнозата на болеста/состојба „Стекнат недостиг на екстремитет“, во колоната 4 текстот се менува и гласи „отпусно писмо или специјалистички извештај и конзилијарно мислење“

СТЕКНАТ НЕДОСТИГ НА ЕКСТРЕМИТЕТ	Z89 (со исклучок на Z89.0, Z89.1, Z89.4)	хирург, ортопед, физијатар	отпусно писмо или специјалистички извештај и конзилијарно мислење	најмногу до 21 ден

Член 4

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од Министерот за здравство.

Постапките за остварување на правото на специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување започнати до денот на влегување во сила на овој правилник, ќе продолжат согласно одредбите од овој правилник.

Бр. 02-12811/2
16 јули 2019 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
д-р **Ридван Асани,** с.р.